ЦЕНТАР ЗА МЕДИУМСКИ АКТИВНОСТИ (ЦМА) - СКОПЈЕ

# Годишен извештај

2012

CENTER FOR MEDIA ACTIVITIES

# Содржина

- Цели и задачи
- Органи
- Проекти
  - Регионална платформа за активизам „Лице в лице“
  - JournArt
  - Клучот е под чергиче
- Партнери
- Финансиски извештај

culture ACTION europe The political platform for Arts and Culture

we are more wearemore.eu act for culture in europe

CENTER FOR MEDIA ACTIVITIES

# ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Здружението на граѓани Центар за медиумски активности (ЦМА) е независно, непрофитно и непартиско здружение на граѓани , структурирано со слободна волја на граѓаните за здружување , практикување на основните права и слободи , целосно отворени за јавноста и за зачленување, здружени поради вербата во исти социјални начела, организирани по доброволна основа.
ЦМА е платформа за унапредување на комуникацијата на медиумите со јавноста, невладиниот сектор и институциите со медиумите.

## Здружението ги има следните цели:

1. Укажување на професионалните и етичките норми и стандарди во информирањето на јавноста, особено во социјалната и во сферата на културата во земјава и регионот;
2. Унапредување на културните, социјалните и демократските вредности на општеството по пат на медиумското влијание;
3. Влијаније на донесување соодветни културни политики;
4. Унапредување на квалитетот и квантитетот на културните, едукативните и социјалните содржини во општестовото и во медиумите;
5. Воспоставување нови, современи стандарди во известувањето на јавноста преку медиуми и истражување и експериментирање со примената на новите медиуми во информирањето на јавноста;
6. Унапредување на положбата на маргинализираните групи и децата со разни форми на комуникациски и едукативни средства;
7. Работа со новинари, социолози, психолози со цел соодветно презентирање на социјалните феномени во општеството;
8. Watch dog  проекти особено во надгледувањето со цел укажување и корекција на медиумското влијание на општестовото;
9. Да предлага иницијативи, да изнаоѓа алтернативни начини и да спроведува директни (конкретни) и превентивни активности, проекти и кампањи за превенција од злоупотреба на droги особено кај децата;
10. Да се залага за помош на децата особено во доменот на едукацијата;
11. Да се залага за едукација на децата, а посебно да се залага за едукација и рехабилитација на децата, децата од маргинализирани социјални слоеви;
12. Да нуди поддршка – техничка, консултантска и поддршка во вид на медиумски услуги (продукција на видео материјали и реклами, дизајн на печатени материјали, креирање концепти за медиумски кампањи)  на други Здруженија на граѓани,

CENTER FOR MEDIA ACTIVITIES

институции и правни лица во областа на нивната медиумска промоција, промоцијата на нивните проекти и слично, а особено на гореспоменатите субјекти кои работат во заштита на правата на детето и обезбедување здраво детство;

13. Продукција на ТВ емисии, документарни програми, видео материјал (реклами со социјална содржина, деловни репортажи, прилози, информативни прилози);
14. Продукција на печатени изданија, лифлети, постери, брошури за свои потреби но и по нарачка од други правни субјекти;
15. Продукција и имплементација на проекти за превенција од дроги;

## Задачи на Здружението на граѓани:

1. Да организира и да учествува на конференции, семинари, тркалезни маси и други организирани средби кои за тема директно или индиректно ги имаат опфатено целите на организацијата;
2. Да соработува со владини и невладини организации за остварување на целите на Здружението;
3. Јавно да настапува во остварување на своите цели користејќи ги сите средства на комуникација;
4. Да здружува разни експертизи со цел поефикасно остварување на целите;
5. Да ги следи светските трендови во новинарството, комуникологијата, информирањето, особено преку новите медиуми, телевизиската продукција, видео продукцијата, продукцијата на кратки, документарни и играни филмови со цел усогласување на стандардите во земјава со светските стандарди во овие комуниколошки и културни сфери;

**ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ**

CENTER FOR MEDIA ACTIVITIES

Органи на Здружението на граѓани Центар за медиумски активности - Скопје се:

- **Претседател на Здружението** – Климентина Илијевски;
- **Собрание**
- **Извршен одбор** - Климентина Илијевски, Маја Неделковска, Анета Ристеска, Жармена Божиновска, Марија Георгиевска;
- **Надзорен одбор** - Сергеј Андреевски, Николета Косовац, Небојша Илијевски, Томислав Георгиев , Зоран Инадески;

Здружението на граѓани има благајник и записничар.

Собранието е највисоко тело на Здружението на граѓани, кое го сочинуваат основачите на Здружението.

Седница на собранието свикува Претседателот на Здружението.
Надзорниот одбор го избира Собранието.

CENTER FOR MEDIA ACTIVITIES

# ПРОЕКТИ

ЦМА за време на своето десетгодишно постоење реализираше 30-тина проекти чии активности се движат од организирање семинари и работилници до комплетно реализирање кампањи кои третираат социјална тематика.

Семинарите организирани за едукација на новинари на тема културна политика, кутлурни практики, едукативни семинари за основите на новинарството, трговија со луѓе, семинарот за информирање и едукација на тинејџери на истата тема, комплетно реализираните кампањи на ИОМ (трговија со луѓе и нелегална миграција) се највисоко евалуирани.

## *1.ВО ТЕК:*

## *РЕГИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА АКТИВИЗАМ „ЛИЦЕ В ЛИЦЕ“*

Центарот за медиумски активности се вклучи во во Регионалната платформа за активизам „LICEULICE“ поддржана од Швајцарската програма за култура, кој што исто така ја промовира уметноста и ги поттикнува младите, а во прв ред маргинализираните групи, да ги изразуваат своите ставови, интереси, желби - низ уметнички облици.

Во текот на 2010 година, во Србија почна да излегува уличното списание „LICEULICE“ во кое од се објавуваат и приказни со теми од Македонија, во кои особен акцент се става на активизмот во уметноста. Овој магазин е уште едно од местата за промоција на македонските уметници.

Од септември 2012 година, почна да излегува и македонско издание на уличниот активистички магазин, „Лице в лице“. Магазинот беше испечатен како дел од програмата и активностите на Регионалната платформа за активизам. Списанието претставува пионерски чекор во социјалното претприемаштво во земјава со тоа што им овозможува на маргинализираните и ранливи категории граѓани заработувачка, едукација, демаргинализаија и инклузија.

ЦМА на крајот на 2011 организираше две работилници, ликовна и работилница за видеомонтажа, кои беа инспирирани од темата маргинализација. Тие се вклопуваат и во проектите на иницијативата JournArt која што ги поттикнува младите луѓе да се занимаваат со уметност. Ликовната работилница беше на тема „Сон“, а се одржа во Дневниот Центар за деца од улица во Шуто Оризари. Работилницата за видеомонтажа беше во соработка со Град Скопје и на неа учествуваа ученици од четири средни училишта од градот.

**„ЛИЦЕ В ЛИЦЕ“ - МАГАЗИН КОЈ ГО ПРОДАВААТ НАЈЗАГРОЗЕНИТЕ СЛОЕВИ**

ЦМА, во соработка со „Јустат центар“ од Белград и со уште пет организации од регионот, во рамките на регионалната платформа „LICEULICE“ која се спроведува во Србија, Босна и Херцеговина, Косово и во Македонија, во септември 2012 го издаде првиот број од уличниот магазин „Лице в лице“ на македонски јазик.



CENTER FOR MEDIA ACTIVITIES

„Лице в лице“ е непрофитен, независен магазин, посветен на универзалните вредности, на социјалната правда, на принципите на еднаквост, демократија и на хуманост. Се залага за човековите права, за правата на загрозените и на маргинализираните групи и поединци, за вредноста на модерното општество, за соработка и за поврзување, за здраво физичко и ментално опкружување, за одржлив развој, за мир, против насилство, расизам и омраза од секој вид.



Списанието ги поттикнува компаниите на општествена одговорност, а преку темите што ги пласира се грижи за подобра иднина на маргинализираните групи, за јавниот простор, за животната средина, промовира активизам во културата и уметноста, а негови продавачи се претставници од најранливите слоеви во општеството, кои се обучуваат за продажба од страна на тим на платформата „Лице в лице“.
Половина од сумата на списанието е наменета директно за продавачот, а останатата половина се наменува за печатење и за активности кои го подобруваат животот на маргинализираните групи.

culture ACTION europe

The political platform for Arts and Culture

we are more
act for culture in europe
wearemore.eu

CENTER FOR MEDIA ACTIVITIES

Официјална фејсбук страница на „Лице в лице“ http://www.facebook.com/LiceVLice . На крајот на 2012 година почнавме со реализација на сајтот, со поддршка од Фондација Отворено општество Македонија. Сајтот http://licevlice.mk беше лансиран во 2013 година, а ги следи актуелностите околу темите на интерес на платформата „Лице в лице“.

**ШТО ПРЕТСТАВУВА МАГАЗИНОТ „ЛИЦЕ В ЛИЦЕ“?**

Списанието „Лице в лице“ на македонски јазик е независен медиум и излегува еднаш на два месеца на улиците на Скопје (во план е и проширување во некоклу други градови низ Македонија), а го продаваат исклучиво најзагрозените, маргинализирани сограѓани. Списанието „Лице в лице“ е член на Меѓународната мрежа на улични весници **INSP** (**International Network of Street Papers**) со седиште во Глазгов. Промовирајќи активизам, се фокусира на општесетвено одговорни теми како заштита на животната средина, демаргинализација на групи и поединци, унапредување на животот во градовите како и прашања поврзани со културниот развој.

**„ЛИЦЕ В ЛИЦЕ“ НА ГОСТИ**

Според планот, продавачите организирано доаѓаат во компаниите и им го продаваат на вработените најновото издание на списанието. Моделот на директна продажба е од големо значење за нашите продавачи, на кои гостопримството и пријателско опкружување ќе им претставува значаен мотивациски фактор во понатамошната социјализација и интеграција во општеството. Овие видови на поддршка се медиумски атрактивни, а можат и да се организираат во некои посебни пригоди, во склад со потребите на компаниите кои во своите портфолија имаат општествено одговорни акции.

**ЗА НАШИТЕ ПРОДАВАЧИ**

Купувањето на списанието „Лице в лице“, на нашите продавачи им овозможува заработувачка од 100% (50 % одат директно за нив, а 50% ги добиваат индиректно – за печатење на списанието и за активности кои ќе им го направат животот поквалитетен). За купена поголема количина списанија, продавачот за секој примерок се заблагодарува со посебно дизајнирана налепница / печат. „Лице в лице“ има изработено и специјална едукативна програма за да ги поттикне продавачите, да ги насочи нивните квалитети и желби и полесно да се вклопат во средината како единки кои можат да придонесат кон општеството. Преку едукативната програма се бележи развојот на секој продавач посебно, се следат неговите навики, се развива дисциплината и креативноста.



На крајот на 2012 година беше доделен и велосипед на најдобриот продавач на магазинот, од страна на амбасадорката на Кралството Холандија во Македонија, Мариет Шурман.

**ОДГОВОРНО РЕКЛАМИРАЊЕ**

Во светот веќе надалеку е познат концептот на cause related и социјален маркетинг. Компаниите ја промовираат нивната општествена одговорност преку општествено корисен активизам. Преку „Лице в лице“ тие добиваат можност да се претставаат како општествено одговорна компанија и да ја запознаат јавноста со нивните корисни иницијативи, како и со производите и услугите кои ја унапредуваат одржливоста на планетата, штедат енергија, придонесуваат за инклузијата на маргинализираните групи и слично.

**АКТИВНОСТИ НА „ЛИЦЕ В ЛИЦЕ“**

Во рамките на платформата за активизам се спроведуваат и бројни други активности – преку уметност се презентираат детектираните проблеми во општеството и се прави обид да се срушат стереотипите. Сите активности кои ги вклучуваат и граѓаните, редовно се презентираат на соијалните медиуми ( https://www.facebook.com/LiceVLice ). На тој начин, граѓаните доаѓаат до повеќе информации, а

исто така, информацијата често бива пренесена понатаму и на тој начин сето тоа добива поголема видливост.Огромно е и значењето на медиумската покриеност кога станува збор за активностите на „Лице в лице“.  За секоја акција, или за промоција на ново издание, имаше голем медиумски интерес.



Сите активности на „Лице в лице“ се меѓусебно поврзани, носејќи го предзнакот да направат нешто добро и корисно за заедницата, придонесувајќи за развој и поддршка на граѓанското општество, атрибуирајќи ги капацитетие кои ги носи активистичката сила.
Дел од активностите на „Лице в лице“ се однесуваат и на партнерства со фестивали, како што е примерот со ИФФК „Браќа Манаки“, каде беше претставен вториот број на магазинот, а во рамки на 33. Издание се одржа и работилница за фотографија со тема демаргинализација и инклузија.

CENTER FOR MEDIA ACTIVITIES

**РЕГИОНАЛЕН ВЕБ ПОРТАЛ**

Платформата има свој заеднички портал каде што се презентираат содржини кои во себе содржат активизам, а наскоро истите ќе бидат преведени на македонски и на албански јазик.   Порталот, како и платформата, се грижи за содржини кои поддржуваат дијалог, создава мрежи и преку заеднички акции ги поврзува активистите, граѓанското општество, интелектуалците, уметниците, академската јавност, професионалците, граѓаните, претприемачите, институциите, сите тие на кои им се важни другите, важна им е дестигматизацијата и демаргинализацијата на групите, поединците, на ставовите и на идеите, важно им е здравото физичко и ментално опкружување, урамнотежениот однос на општеството и на економијата, како и јавниот интерес и јавниот простор, зачувувањето на животните ресурси.

www.liceulice.org

**ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА (ПОБЕДНИК НА СТЕРИЈИНО ПОЗОРЈЕ)**

Платформата ја испродуцира и општествено ангажираната претставата „Работниците умираат пеејќи“ која е апсолутен победник на престижниот фестивал „Стеријино позорје“ во Нови Сад за 2012 година. Нејзиното гостување во Македонија беше одржано на 17 октомври 2012 година во 20.00 часот во Македонскиот народен театар. За ова гостување имаше огромен интерес во јавноста, и билетите беа распродадени кусо по објавата за доаѓањето на белградската претстава. На самата македонска премиера присуствуваа и продавачите на „Лице в лице“ , кои го понудија првиот број на посетителите.

CENTER FOR MEDIA ACTIVITIES




http://www.plusinfo.mk/vest/44764/Pretstavata-shto-triumfirashe-na-Sterijino-pozorje-doagja-vo-Skopje

## JOURNART

Проектот JournArt почна како експеримент, а прерасна во регионална платформа која ја истражува силата на уметноста која треба да се издигне над турбо-бучавата во медиумите и да чепне од колачот на огромното медиумско време кое не е посветено на неа.  Првата активност беше конференција која ги обедини ставовите, потребите и очекувањата на новинарите од областа на културата, културните работници и менаџерите кои работат во обаа област.
Конференцијата беше првиот чекор во дефинирањето на обликот на медиумскиот производ кој би ги задоволил сите нивни ставови и желби.

CENTER FOR MEDIA ACTIVITIES




Следеше истражување кое дополнително ги оформи границите кои треба да ги има медиумскиот производ, а потоа по тие стандарди, беа правени низа циклуси на телевизиски прилози кои беа блиски и до веб платформите. JournArt е модел, кој ставен во функција на новите медиуми ги промовира и поддржува културата и уметноста и нивниот развој. Видеата имаа регионален предзнак и опфатија повеќе теми, од театар, филм, музика, современ танц, изложби, фестивали, па сè до материјал за промоција на различностите и мултикултурно општество, соработка и акции. На веб платформата www.journart.mk се објавуваат видеа снимени на повеќе јазици (македонски, српски, босански, албански), кои ги опфаќаат наведените теми. Постои можност и за директно вклучување на уметниците во ова, со тоа што тие можат да испратат нивен материјал кој би бил прикажан на платформата.
Реализацијата на JournArt се одвиваше под раководство на ЦМА, во соработка со партнерите „Фондација за креативен развој" од Сараево и Европскиот центар за новинарство од Белград. Иницијативата беше помогната од Централно-европската иницијатива (ЦЕИ), Европската културна фондација (ЕЦФ), а потоа и од Норвешката амбасада во земјава и од Град Скопје.

CENTER FOR MEDIA ACTIVITIES

# КЛУЧОТ Е ПОД ЧЕРГИЧЕ

Специјално дизајнираното едукативно телевизиско шоу „Клучот е под чергиче" беше реализирано во текот на 2012 година од страна на ЦМА и Центарот за институционален развој ЦИРа од Скопје, а финансирана од страна на шпанската влада преку Фондот за остварување на Милениумските развојни цели (МРЦ-Ф), која пак се спроведува од страна на УНДП, УНИЦЕФ и УНЕСКО.

Шоуто се емитуваше на националниот сервис, а целта му беше промоција на културната разноликост, добри меѓуетнички односи, соживот, дијалог и соработка. Во македонската сегашност во медиумите е препознаена клучната улога во адресирање на овие прашања, па овој медиумски производ со социјална и образовна содржина го прикажуваше секојдневниот живот на неколку македонски семејства, нивното и искуството на млад човек кој на кратко ќе престојува во ново семејство.



"Клучот е под чергиче" го сочинуваат неколку епизоди при што во секоја епизода се следат младите луѓе, како тие одат да живеат во друго семејство. Учесниците во секоја емисија поминуваат неколку дена во ново семејство. Учесниците и семејствата имаат и дополнитлни предизвици/задачи од продукцискиот тим кои треба да се завршат во дадената епизода.

Преку оваа специјално дизајнирана медиумска содржина македонската публика има можност да ги согледа културните разноликости во општеството, да ги идентификаува и промени постоечките стереотипи, и да ги прифати етничките разлики во позитивен контекст.

## *ИЗМИНАТИ АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ (избор)*

*Соработка со Драмски Театар Скопје

*Соработка со МСУ, продукција на Арт видео за 52ра интернационална уметничка изложба „Венециско Биенале“. Продукција на визуели за проектите на Благоја Маневски, Миро Масин, Ирена Паскали, Беди Ибрахим,Јане Чаловски;

*Семинар за новинари на тема трговија со луѓе

*Активно учество на ТОТ на тема трафикинг во организација на Лондонскиот Универзитет “University for Child and Woman abuse Studies”(двајца членови на ЦМА се сертифицирани тренери за трафикинг)

*Семинар за трафикинг тренери (курс одржан во Италија, во организација на Лондонскиот Универзитет “University for Child and Woman abuse Studies” на кој ЦМА зема активно учество преку елаборати и дискусии за ситуацијата на Балканот);

*Семинар за трговија со луѓе за новинари од националните медиуми во Јужноафриканската Република;

*Активно учество на Европската Конференција за Трговија со луѓе во Брисел,

*Семинар за тинејџери на тема трговија со луѓе;

*Модна ревија на тема трговија со луѓе, заедно со етаблираниот моден креатор Никола Ефтимов;

*ТВ спот на тема трговија со луѓе;

*ММЦД на тема трговија со луѓе за клиенти - ИОМ, Отворена Порта и Семпер Битола;

*Open Fun Football Schools ( НВО од Данска);

*Меѓународен Црвен Крст (изработка на видео клип за борба против наркоманија);

*ИОМ (комплетно изведување на кампањата за трговија со луѓе и нелегална миграција);

*УНИЦЕФ (учество во кампањата “Надвор од кругот”);

*МИМ (експертска асистенција);

*ЦМА е партнер на кампањата на УНИЦЕФ за едукација на Ромите во тек на 4 последователни години (до 2008 година);

*Корупција во високото образование (партнери:СОРОС и МОФ);

*Партнери на MTV Exit foundation, Лондон (за дистрибуција на материјалите и координирање на активностите во Македонија).

## ПАРТНЕРИ

ЦМА има големо искуство со партнерства. Има изработено заеднички апликации, заеднички реализирани проекти, копродукции со неколку организации:

*Партнери на двегодишниот проект LICEULICE поддржан од Швајцарската програма за култура

- Смарт Колектив, од Белград, Хартефакт од Белград, Докукино од Белград, Фондација за креативен развој од Сараево, Иницијатива на младите од Сараево и Културист од Приштина;

*Партнери на едногодишниот проект JournArt

- Центар за електронско новинарство Белград и Фондација за креативен развој, Сараево;

*JounrArt CooperaTiVa conference- проект поддржан од Централната Европска иницијатиа (ЦЕИ) и Министерството за култура на Република Македонија

-СЦЦА од Љубљана, Артичок од Прага, Театрина од Софија, Арт клиника од Нови Сад

*Партнерствата резултираа со задвижување на иницијативи и нивната медиумска презентација на теми како трговија со луѓе, нелегална миграција,ХИВ СИДА, Корупција во високото образование (Прогласена за кампања на месецот во магазинот ФОРУМ), ПР на НВО секторот и културни проекти.

-ИОМ Скопје, BBC Тренинг Центар (ECBJ), Академија за развој на образованието (Academy for Educational Development, AED Washington), Младински Образовен Форум (МОФ), ЗГ Контрапункт, Црвен Крст Чаир, Сервисите на МТВ,

*ЦМА во текот на своето постоење оствари работни соработки (продукција, постпродукција на материјали, имплементација на проекти за и со ) со повеќе НВОи, медиуми и владини институции меѓу кои:

-IOM - Скопје, UNICEF, СОРОС, OSCE, Меѓународен Црвен Крст, Црвен Крст - Чаир, Младински Образовен Форум, Здруженија на слепи лица на Македонија, Центар за културна акција - НЕВЕН, Македонски Институт за Медиуми - Скопје, Open Fun Football Schools - Скопје, Volatile Media London - TV production, Институт за Социјални Истражувања при Универзитетот св. Кирил и Методиј - Скопје,

CENTER FOR MEDIA ACTIVITIES

Здружение за превенција на зависности и наркоманија, Madimedia - New York, Fair Fund - New York,  BBC training centre Belgrade (ECBJ), Место за визуелна култура - Скопје, Head - Star t- Serbia, European Movement Serbia,

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Во прилог – Бруто Биланс заклучно 31.12.2012 година

culture ACTION europe The political platform for Arts and Culture

we are more act for culture in europe wearemore.eu